

## ДИЈАМАНТИТЕ ЗА ЕВРЕИТЕ ЗНАЧАТ ЖИВОТ

**Денес, државата Израел е распространета на бреговите на Средоземното Море, со вкупен простор од 20.700 квадратни километри. Израелската територија ја сочину□ва□ат Есдарелонската, Шафелската и Шаронската Рамница, со обработени тесни делови на пе□сочните дини. Таму се протегаат планинските области и висорамнините Јудеја, Сама□ри□ја и Галилеја, како и пустината Негев**

Долината на реката Јордан, која поми-ну-ва низ Галилејското Езеро и се влива во Мртвото Море и реката Кишон, која спаѓа во Сре-доземното сливно подрачје. Се чини просторот долж Средоземното Море е темел-ник на новата израелска држава, која сјае како сонце на сите страни каде што се расе-ли-ле Евреите во својата земја и во дијаспората. Таму се наоѓаат најголемите и најзна-чај-ните центри Јафа и Тел Авив, каде отпочнал новиот живот на Евреите во својата са-мо-стојна еврејска силна држава.

Местото каде ја допревме Светата земја – Израел беше најголемиот и најзначај-ни-от,

како за цивилен така и за воен транспорт, аеродром „Бен Гурион“ во Тел Авив. Тој е најголемиот град во Израел, кој во последно време, од причини што во централ-но-то подрачје живеат претежно млади брачни парови, а повозрасните се селат во предградието, е наречен град на младоста. Според податоците што ги добивме од до-ма-ќините, само во градското подрачје на Тел Авив живеат околу 1.000.000 жители, а за-едно со предградијата, тој има повеќе од 1.500.000 жители.

Тел Авив е подигнат на просторот до ста-риот град Јафа. За него се вели дека е град на амбасади, конзулати, на разни други дип-ломатски претставништва и канцеларии, на бизнис центри, на научни институции и на голем број луксузни хотели изградени по должината на Средоземното Море и на мно--гу други важни установи.

Умните Евреи се досетиле да направат камени брани во мо-рето кои придонесуваат да се таложи ситен кристален и убав песок на брегот, каде е изградена патека за џогирање и огромни плажи за туристите. Сето тоа наликува на пла-жа-та Копакабана во Рио де Жанеиро.


СВЕТО
ПИСМО
(БИБЛИЈА)





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**